# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 16 став 7 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА РИБОЛОВНАТА ОСНОВА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на риболовната основа.

## Член 2

Риболовната основа содржи:

1. податоци за риболовната вода:

- деталeн попис на сите риболовни води со нивните имиња и

- приложена географска карта на која истите се обележани.

2. хидрографски и климатски карактеристики:

- должина, ширина и површина за сите протечни води;

- длабочина и површина за сите стоечки води и

- основни климатски карактеристики на географското подрачје.

3. основни физичко - хемиски карактеристики како што се: боја, мирис, температура, провидност, киселост, електрична спроводливост, содржина на хлор, заситеност со кислород, вкупен јаглерод диоксид, нитрати, амоњак, фосфати, силикати.

4. основни биолошки карактеристики:

- состав, структура и застапеност на поедини видови макрофити, како и процент на покриеност на истражуваната маса;

- доминантен вид и биомаса на фитопланктон и зоопланктон;

- биомаса, состав и застапеност на поедини видови на макрозообентос и

- останати поважни видови риби.

5. видови и количини на рибите – ихтиомаса:

- квалитативно – квантитативен состав на ихтиопопулацијата со застапеност на поедини видови во проценти односно масен удел на поединечен вид во вкупната ихтиомаса и

- годишен прираст на рибите со поголемо економско значење изразен во килограми по хектар.

6. дефинирање на риболовни води со модел за стопанисување и дефинирање на услови за риболовни пунктови кои се лоцираат на риболовни води со посебен режим на користење на водата и големи осцилации на нивото на водата;

7. дефинирање на води со можност за аквакултура:

- видови риби со технологија на одгледување;

- локација на објектите и

- капацитет на објектите.

8. мерки за заштита и одржување на рибите:

- организација на рибочуварска служба (број на рибочувари со основен план за физичка заштита на рибите);

- следење на состојбата на водата, заболување и помор на риба како и невообичаено однесување на рибите;

- планирање на селективен и мелиоративен излов;

- утврдување на најмалата големина на риби по видови под која не смеат да се ловат;

- утврдување на периодот на природен мрест по видови за секоја риболовна вода;

- определување на природни плодишта и

- посебни мерки за заштита на природни плодишта.

9. програма за порибување:

- количина и видови на риби по видови и возрасни категории одредени врз основа на биолошкиот потенцијал за секоја риболовна вода за период од 6 години со динамика на годишно ниво и

- период на порибување за поедина риболовна вода со одредени видови риби.

10. количини на дозволен улов по видови риби за рекреативен и стопански риболов за период од 6 години со динамика на годишно ниво;

11. време во кој е дозволен лов на рибите;

12. минимум и максимум риболовни средства и

13. економска основа за користење на риболовната вода со предлог за висина на надомест.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08 – 2634/1
20 февруари 2008 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Ацо Спасеноски, с.р.